# апос
# тол
# ска

# ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА ДЛУМ

13 – 24 октомври 1971

МИРА АПОСТОЛСКА



## »ЕДНА ЗАБОРАВЕНА ГРАДИНА«

Вистинските откритија се неможни без она што се открива да сме го имале, заборавено, отсекогаш во себе. Неразбудено, како трнорушката. Само ние и сме биле во состојба да направиме од него дел на времето и светот што низ нас се ткае.

Светот на жената-сликар. Наша. Која, поаѓајќи од себе, стасува дури до себе. И до нас. Онаа што нè испраќа и нè пречекува, што нè заспива и разбудува, што ја срекаваме и по која се обѕрнуваме, што тивко шепоти зад нас; »тврдината« пред нас и »тврдината« со нас во себе. Денес нè поканува да му бидеме гости. Често докрај искажан, неретко само загатнат. Цветот, тоа е нежност, но тоа е и драма. Птицата, тоа е вивнатост на витки линии на радоста за небото, но тоа е и трагедија. Не само нејзина.

Обѕрнете се околу себе во својата забрзаност; неректо, мигум, ќе заборавите каде сте брзале. Та каде оттука, кога тоа тука е — секаде?

Таму, кон едно такво обѕрнување, не повикува со овој настап пред нас една силна, самоникната, тивкогласна, често немирна, жива, неретко од некој свој револт разбранувана жена-сликар. Врсничка, другачка, дискутант и мајка. Мира Апостолоска.

Да ѝ заблагодариме што ни е врсник.

Симон Дракул



РАЃАЊЕ НА МАТЕРИЈАТА



БЕЗУТЕШНА



ТВРДИНА

МИРА АПОСТОЛСКА, СЛИКАР, ЧЛЕН НА ДЛУМ, РОДЕНА ВО КОЧАНИ 1937 ГОД.

И З Л О Ж Б И

1965 — КОЧАНИ СО ДИМЕ ШУМКА

1968 — СКОПЈЕ

1969 — ШТИП СО ЃОКО МАТЕВСКИ

1969 — СКОПЈЕ, ЖЕНИ УМЕТНИЦИ ОД СРМ

1970 — ВРАЊЕ СО ТОМЕ ШУЛАЈКОВСКИ

1967/70 — НА СИТЕ ИЗЛОЖБИ НА ДЛУМ

## КАТАЛОГ

1. ТВРДИНА
2. ПОРТРЕТ НА ЕДНА ПТИЦА
3. БЕСПАТИЦА
4. БЕЗУТЕШНА
5. ТАМУ КАЈ ШТО ЦУТИ БРАТИКА
6. ОНЕЛА СО БЛАГОСТ
7. ПРЕДЗОРНИЦА
8. РАЗОРУВАЧ
9. ЦВЕЌЕ
10. ЗАБРАВЕНА СВАДБАРКА
11. МАГИКА ЛАТЕРНА
12. ЦВЕТОВИ
13. ГУЛАБИЦА
14. АВТОПОРТРЕТ
15. КОГА МОЛКНАА ТОПОВИТЕ
16. РАЃАЊЕ НА МАТЕРИЈАТА
17. ЗАЛЕЗ
18. УМИРАЊЕ НА МАТЕРИЈАТА
19. ЗАБОРАВЕНА ГРАДИНА
20. МОЛИТВЕНИЦА
21. КАРМЕН
22. ЖЕНА, ТАГА И СЕНКА
23. ПОРТРЕТ НА ТАЈНАТА
24. И ГОСПОД ЈА СОЗДАДЕ ЖЕНАТА
25. ВОДОЛИЈА
26. ПОСЛЕДНАТА НАРЕЧНИЦА

ЛИКОВНА ОБРАБОТКА
РИСТО МИЈАКОСКИ

ПЕЧАТ
НИП »НОВА МАКЕДОНИЈА«